Македонскиот центар за меѓународна соработка во рамки на проектот Граѓански ресурсен центар објавува јавен повик за доделување партнерски грантови за организациско јакнење.




**Целта на овој повик** е зајакнување на капацитетите на мали организации кои делуваат на локално ниво со поддршка на други поразвиени граѓански организации преку партнерство, соработка и заедничко учење.

Со овие грантови ќе бидат поддржани заеднички апликации на мали организации/корисници на менторска поддршка и развиени/менторски организации, при што менторската организација ќе ги зајакнува капацитетите и ќе обезбеди поддршка во процесите за подобрување на внатрешната структура и за организациско јакнење на малите локални организации/корисници на менторската поддршка.

Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој

повик за партнерски грантови изнесува 24.000 евра (1.476.000,00 МКД), а ќе бидат доделени најмалку осум грантови со

- **минимален износ: 2.000 евра (123.000 МКД);**
- **максимален износ: 3.000 евра (184.500 МКД).**

За овој повик организациите кои ќе поднесат предлог-проект **не се обврзани** да обезбедат кофинансирање.

**Времетраењето на проектите треба да биде најмалку шест, а најмногу девет месеци.**

**Рокот за поднесување на апликациите е 8 мај 2019 година, најдоцна до 17:00 часот.**

Апликациите се доставуваат на адреса: **Граѓански ресурсен центар – ГРЦ,** ул. „Кирил и Методиј“ бр. 50, реон 7, 1000 Скопје (наспроти дирекцијата на НЛБ Тутунска банка Скопје), и тоа
**по пошта (исклучиво со препорачано писмо), по курир или со лична достава**
.

Целосните информации во однос на целите и очекуваните резултати од повикот, условите за аплицирање, подобните активности и начинот на аплицирање може да ги најдете во **упатството за аплицирање** . Самата апликација се состои од:

- **Формулар за аплицирање** ;
- **Буџет** ;
- Копија од тековната состојба (не постара од шест месеци) од денот на поднесување на апликацијата (од главниот апликант и партнерската организација).
- Копии од наративните и финансиските извештаи за претходната година (од главниот апликант и од партнерската организација);
- Професионална биографија (CV) на персоналот од партнерската организација кој ќе ја спроведува менторската поддршка за главниот апликант.

Доколку имате проблеми околу преземањето на формуларите за аплицирање и/или имате дополнителни прашања поврзани со повикот, може да се обратите преку е-пошта на jch@mcms.mk со назнака: Референтен број: 11-85/2-2019.

Повикот ќе биде детално презентиран на четири информативни сесии и тоа:

- на **15 април (понеделник) 2019 година во Скопје** во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар од **12:00 часот**,
- на **18 април (четврток) 2019 година во Струмица,** во Центар на заедницата на општина Струмица, Адреса: ул. „Благој Мучето“ бр. 37 (Дом на АРМ) од **12:00 часот**,
- на **19 април (петок) 2019 година во Кичево,** во салата на Советот на Општина Кичево од **12:00 часот** и
- на **22 април (понеделник) 2019 година во Битола**, во салата за седници на Советот на општина Битола од **12:00 часот**.

Ве молиме, доколку сте заинтересирани да присуствувате на некоја од најавените информативни сесии, најавете го своето присуство на info@rcgo.mk , најдоцна до 11 април 2019 година.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.